Оваа година Вашата промоција ќе се одржи на **16.06.2026 година (вторник), во Филхармонија на РСМ.**

Со оглед на комплексноста на настанот, Ви доставуваме детална агенда, со цел да се запознаете со протоколот на свеченоста.

## Агенда

- Доаѓање во холот на Филхармонија (гардероби во приземје) во **(доделениот термин)** часот;
- Подигнување на свечената одора;
- Облекување на свечената одора и редење за свечено доделување на дипломата;
- Деканот ја врачува дипломата (фоаје - први спрат);
- Фотографирање;
- Потпишување во матичната книга на дипломирани;
- Дружење со професорите и колегите;
- Во 20:00 часот влегување во големата салата на Македонска филхармонија;
- По музичкиот дел се повикуваат дипломците да пристапат на бината по следниот редослед: магистрираните (се искачуваат на највисоките скали), а потоа дипломираните инженери (се редат на скалите пред веќе излезените дипломци);
- Наградените студенти застануваат пред сите (во првиот ред);
- Деканот секоја група одделно ја промовира кога ќе излезе на бината;
- Се доделуваат наградите;
- Групна фотографија ;
- Коктел;
- Враќање на одорите по завршување на свеченоста;

<u>Ве молиме да го почитувате терминот за доаѓање!</u>

**Ви посакуваме убава вечер.**

**Деканат на Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје.**